Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА
MINISTRIA E MBROJTJES
Сектор за логистика
Sektori për Logjistikë
Бр.-Nr. 18/5-150/1
24 JAN 2020 20
Скопје-Shkup

Република Северна Македонија

**Министерство за одбрана**

# *ПОЛИТИКА ЗА НАТО СТАНДАРДИЗАЦИЈА ВО ОДБРАНАТА*

*-Скопје, ноември 2019 година-*

## *ПОЛИТИКА ЗА НАТО СТАНДАРДИЗАЦИЈА ВО ОДБРАНАТА*

### *Вовед*

Членството во НАТО и во Европската унија останува примарна цел на надворешната и одбранбената политика на Република Северна Македонија. Развојот на одбранбените способности ќе се темели на принципите на соработка, колективна одбрана и зголемена интероперативност и стандардизација со НАТО.

Одбранбената политика на Република Северна Македонија, во рамките на системот за национална безбедност е насочена кон натамошно интензивирање на активностите од областа на одбраната, со цел соодветна подготовка и членство на Република Северна Македонија во НАТО.

Постигнувањето на целите на Алијансата пред се, се потпира на ефикасна и блиска кооперативност помеѓу националните, мултинационалните и НАТО структурите, силите и средствата. НАТО сојузниците мора да бидат интероперативни меѓусебно и со земјите партнери, со други земји, со невладини и интернационални организации, како и со други (неодбранбени) владини сектори. Следствено, стандардизацијата е една од клучните алатки за интензивирање на интероперативноста и способноста на сопствените сили за ефикасна и ефективна поддршка на мисиите на Алијансата. Оттаму, стандардизацијата е значајна за процесот на одбранбено планирање.

Притоа, Министерството за одбрана и Армијата се определени кон воспоставување и одржување на стандардизациски систем во одбраната, према усогласени принципи и методи со националните и европските барања, како и со барањата на НАТО стандардизацискиот систем. Стандардизацискиот систем во одбраната се заснова на основни принципи – доброволност, транспарентност, достапност и општа согласност на заинтересираните страни за нивно прифаќање и користење. Стандардите наведени во формални документи, стануваат задолжителни за примена, како дел од условите во тие документи.

Министерството за одбрана и Армијата се залагаат за обезбедување единствена терминологија, принципи и методи при изготвувањето на концепти, доктрини, процедури и проекти за достигнување на најефективни нивоа на компатибилност, меѓузаменливост или заедништво на оперативно, процедурално, материјално, техничко и административно поле за постигнување интероперативност.

Стандардизацијата не е цел самата за себе. Стандардизацијата мора да претставува интегрален дел во работата на Министерството за одбрана и Армијата. Стандардизацијата ќе биде дел од секоја активност кога ќе се менуваат или развиваат нови оперативни, тактички, логистички и административни програми и процедури.

### *Цел*

Насочување на стандардизациските активности кон поддршка на развивањето, одржувањето и зајакнувањето на интероперативните способности за мисии и операции

во насока на поддршка на главните задачи на Алијансата, преку усогласени НАТО процеси.

*Опсег*

Оваа политика ја дефинира стандардизацијата во Министерството за одбрана и Армијата, истакнувајќи ги нејзините водечки принципи, ги пропишува улогите, одговорностите и координацијата на главните носители на стандардизациски активности во стандардизациската заедница. Политиката ги опфаќа НАТО стандардизациските активности и треба да се применува во Министерството за одбрана и Армијата во целина. Таа ги опфаќа сите функции во организациско-формациската структура и сите организациско-формациски единици.

*Дефиниција*

Концепт на стандардизација дефиниран од страна на ISO/IEC: „Активност на воспоставување (земајќи ги предвид актуелните или потенцијални проблеми) одредби за заедничка и повторлива употреба, насочена кон постигнување на оптимален степен на усогласеност/уреденост во даден контекст/област". Важните придобивки од стандардизацијата се подобрувањата на соодветноста на производите, процесите и услугите за нивната наменета цел, превенирање на бариери за трговија и олеснување на технолошката соработка.

НАТО стандардизација претставува развој и имплементација на процедури, проекти и терминологија до ниво потребно за постигнување на интероперативност, определено од Сојузниците, или препорака на примена на корисни практики при мултинационална соработка.

Трите нивоа на НАТО стандардизација се компатибилност, меѓузаменливост и заедништво.

*Принципи*

Следниве принципи ја насочуваат примената на Политиката за НАТО стандардизација во Министерството за одбрана и Армијата:

- Системски пристап - како примарна алатка за постигнување интероперативност, стандардизацијата изискува системски пристап започнувајќи со дефинирање на барањата, проследени со развој на решенија, нивна имплементација и валидација. Стандардизацијата треба да обезбеди решенија за интероперативните барања. Овие барања произлегуваат или од процесот на НАТО одбранбено планирање (НДПП), усогласени иницијативи на Алијансата и планирање на НАТО операции (од горе – надолу пристап), или од научени лекции, вежби и процеси на евалуација (од долу – нагоре пристап).

- Стандардизациска навременост - интероперативните барања треба да бидат имплементирани во најкраток возможен рок. Сите инволвирани страни во стандардизацискиот систем во одбраната потребно е директно да влијаат на навременото постигнување на стандардизациските цели со што ќе ја подобрат интероперативноста на идентификуваните способности. Прифаќањето/потврдувањето и имплементацијата на НАТО стандардите пред појава на кризни моменти/ситуации е

суштинска и превентивна во смисла на адекватен/навремен одговор на декларираните единици во НАТО предводени мисии и операции.

- Имплементација – примената на стандардите е суштинска за изградба на способностите во процесот на трансформација на силиte. Со нивната имплементација се овозможува национално контрибуирање во НАТО опкружување, со што се обезбедува заедничко извршување на мисиите на Алијансата. Претставува релевантен и корисен краен показател за развојот на интероперативните способности потребни за зајакнување на готовноста на Армијата. Во НАТО контекст, националната имплементација на стандардите треба да биде транспарентна, подразбирајќи дека стандардизацијата со својот основен принцип е доброволна за нациите. Притоа, имплементацијата е национална одлука со цел достигнување на потребните способности за исполнување на НАТО мисиите.

- Транспарентност - стандардизациските активности треба да бидат транспарентни, преку извештаи и преку максимално учество на сите носители на стандардизациски активности и експерти од предметната област и интерно (во Министерството за одбрана и Армијата) и екстерно кон НАТО. При спроведувањето на стандардизациските активности се промовира соработката со цивилните организации за стандардизација.

- Примена на цивилни стандарди - цивилните/националните и широко признати комерцијални/интернационални стандарди да се применуваат секаде каде тоа соодветствува со оперативните побарувања и во функција на постигнување интероперативност со НАТО.

- Конзистентност и кохерентност – стандардизацијата е заедничка одговорност на сите носители на стандардизациски активности инволвирани во стандардизацискиот процес. За таа цел потребно е да се применува конзистентен и кохерентен пристап помеѓу носителите на стандардизациски активности.

- Терминологија – Министерството за одбрана и Армијата ќе промовираат меѓусебно разбирање преку примена на заеднички усогласена, добро дефинирана, јасна, прецизна, конзистентна, родово – неутрална терминологија усогласена со НАТО терминологијата. Во стандардизациските документи ќе се користи НАТО терминологија во согласност со националната легислатива.

***Улоги и одговорности***

Следниве носители на стандардизациски активности ја конституираат општата стандардизациска заедница во Министерството за одбрана и Армијата која изискува хармонизација и координација:

- Совет за стандардизација и кодификација – одржување и унапредување на системите за стандардизација и кодификација, постигнување компатибилност со НАТО стандардизациската и кодификациската заедница, дефинирање, разгледување, предлагање на политики, концепти, проекти и други акти за стандардизација и кодификација со кои се уредуваат овие две функции, координација со Одделението за стандардизација.

- Генералштаб на Армијата – обработка на НАТО стандарди од доменот на Армијата согласно областите на стандардизација, подготовка на предлог национален одговор за прифаќање/потврдување и имплементација на прифатените стандарди,

следење на имплементацијата, повратна врска до Одделението за стандардизација со извештаи од завршената имплементација, следење на работата на НАТО работни тела за стандардизација од својата област на стандардизација.

- Ј-5/Генералштаб на Армијата ги координира стандардизациските активности на ниво на Армијата и соработува со Одделението за стандардизација во Министерството за одбрана.

- Организациски единици во Министерството за одбрана – обработка на НАТО стандарди од доменот на нивната надлежност и функционалност поединечно, согласно областите на стандардизација, подготовка на предлог национален одговор за прифаќање/потврдување и имплементација на прифатените стандарди, следење на имплементацијата, повратна врска до Одделението за стандардизација со извештаи од завршената имплементација, следење на работата на НАТО работни тела за стандардизација од својата област на стандардизација.

- Одделение за стандардизација во Министерството за одбрана – координација на стандардизацискиот процес со сите чинители во стандардизацискиот систем, спроведување на стандардизациски активности согласно насоките на НАТО структурите за стандардизација, административно – техничка поддршка на Советот за стандардизација и кодификација, административно – техничка подготовка на националниот одговор за прифаќање/потврдување и имплементација на НАТО стандарди, внесување податоци во е-алатката за ратификација на НСО (согласно НАТО директивата ААП-03) по добиените национални одговори од страна на носителите на стандардизациски активности, доставување на усвоени документи/акти за стандардизација и кодификација согласно заклучоците на Советот до министерот за одбрана за нивно донесување.

- Корисници на стандарди од организациските единици на Министерството за одбрана и Армијата – контрибуираат во стандардизацискиот систем согласно своите надлежности, иницираат барања за развивање, прифаќање и имплементација на стандарди на одбраната, соработуваат со носителите на стандардизациски активности.

Сите инволвирани чинители во стандардизацискиот систем на Министерството за одбрана и Армијата потребно е да ја применуваат оваа политика секој во својот домен на делување и надлежности.

Со тоа се обезбедува сеопфатна рамка за подобрување на интероперативноста и воспоставување база за развој и валидација на останатите пропратни референтни концепти, политики, стратегии и процеси, како и за контрибуирање во развојот на НАТО интероперативните барања.

Овој документ „Политика за НАТО стандардизација во одбраната“ ја заменува „Политика за стандардизација во одбраната“, Акт бр.01-5063/1 од 10.10.2005 година.

*МИНИСТЕРКА ЗА ОДБРАНА*
*Радмила Шекеринска-Јанковска*